Архивски број:_________
__________ година

Тргнувајќи од законската надлежност за упатување општи препораки во случаи на дискриминација на поголем број лица, пропишана во чл.28 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и од членовите 9, 15, 17 и 25 од Меѓународната конвенција за правата на лицата со попреченост, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на 03.12.2021 ја донесе следнава

**О П Ш Т А  П Р Е П О Р А К А**

**Комисијата за спречување и заштита од дискриминација носи општа препорака за унапредување и заштита на човековите права и достоинство на осудените лица со попреченост и почитување на нивниот физички и ментален интегритет за време на издржувањето на казните во казнено-поправни установи и казнено-поправните домови.**

**Се препорачува Министерството за правда да подготви и предложи дополнувања на Законот за извршување на санкции со кои ќе предвиди законско прецизирање на класификацијата и начинот на третман на осудените лица со попреченост во зависност од степенот и видот на попреченост, нивните специфични права за време на извршување на санкцијата, минималните стандарди за хигиенско-санитарните услови во просториите каде ќе бидат сместени за време на издржувањето на казната како и посебните права од здравствена заштита на овие лица и во согласност со истите да подготви измени и дополнувања на Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи и казнено-поправните домови.**

**Се препорачува Управата за извршување на санкции да изготви акциски план за мерки и активности и да обезбеди финансиски средства за овозможување на целосна инфраструктурна пристапност на и во објектите во кои се сместени осудените лица со попреченост што ќе им обезбеди слобода на движење со медицинските помагала, како и мерки и активности за реконструкција на санитарните јазли и соодветни хигиенски услови во истите. Според Европските затворски правила (Rec(2006)2), затворските услови кои ги загрозуваат човековите права не може да се оправдаат со недостаток на материјални средства.**

**Се препорачува раководните лица во казнено-поправните установи и казнено-поправните домови да обезбедат објектите во кои се сместени амбулантите во кои се обезбедува здравствена заштита на осудените лица, да бидат целосно пристапни и за лицата со попреченост и опремени со здравствена опрема прилагодена на потребите на лицата со попреченост. Дополнително, се препорачува да обезбедат непречен пристап до здравствена заштита од секундарно и терцијално ниво на лицата со попреченост.**

**Се препорачува Народниот правобранител кој дејствува како Национален превентивен механизам чија основна задача е превенција на тортура и друг вид сурово, нечовечно и понижувачко постапување или казнување, да изврши вонреден надзор во казнено-поправните установи за да го утврди бројот на лица со попреченост кои издржуваат затворска казна и условите во кои се сместени, како и квалитетот на здравствените услуги што им се обезбедуваат.**

Овие мерки и дејствија треба да обезбедат лицата со попреченост, упатени на издржување затворска казна, да бидат сместени во објекти чија инфраструктура ќе биде приспособена на нивните специфични потреби како би можеле непречено да ги извршуваат своите секојдневни активности и физиолошки потреби , во соодветни хигиенски услови, како и да добиваат навремени и квалитетни здравствени услуги на примарно, секундарно и терцијално ниво. На ваков начин би се гарантирало почитување на нивниот личен интегритет и достоинство и заштита на нивното право на еднаквост со другите.

Во оваа насока, членот 5 од Меѓународната конвенција за правата на лицата со попреченост, предвидува обврска државите-потписнички да преземаат мерки за обезбедување на пристапност на овие лица до инфраструктура, добра и услуги приспособени на нивните потреби, на еднаква основа со другите. Членот 15 ги обврзува земјите потписнички да преземаат ефикасни законски, правосудни и други мерки за да се спречи лицата со попреченост, на еднаква основа со другите, да бидат предмет на измачување или сурови, нечовечки и понижувачки постапувања или казни. Конвенцијата во членот 17 го дефинира правото на секое лице со попреченост на почитување на неговиот или нејзиниот физички и ментален интегритет на еднаква основа со другите. Според членот 25, земјите-потписнички признаваат дека лицата со попреченост имаат право да уживаат највисоки здравствени стандарди без дискриминација врз основа на попреченост.

Дополнително, во членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација е пропишано дека оневозможувањето на соодветно приспособување и оневозможувањето на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите, се смета за дискриминација.

Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата има законска надлежност да го следи спроведувањето на општите препораки што ги упатува по сопствена иницијатива.

Скопје
03.12.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска